Меѓународен Универзитет Визион
Universiteti Ndërkombëtar VIZION
Uluslararası VİZYON Üniversitesi
International VISION University
Гостивар - Gostivar

| Примено / Pranuar / Kabul tarihi | 06.12.2018 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Бр. | Прилог / Shtojcë / Vesno | Вредност / Vlera / Değer |
| 03 | 593/01 | | |

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 16-5263/
05. 12. 2018 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр.44/02, 58/00, 82/08, 167/10 и 51/11), а согласно членовите 18, 53 став 2 и 62 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16). Министерството за образование и наука донесе

## РЕШЕНИЕ

за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност

1. Со ова Решение се утврдува дека научниот институт ***„Институт за балкански студии –Ерол Олчок"*** при приватен Меѓународен Универзитет „Визион„ со седиште во Гостивар, на улица Мајор Чедо Филиповски бр. 1, ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност.

2. Научниот институт „Институт за балкански студии –Ерол Олчок" од точката 1 од ова Решение **СЕ ЗАПИШУВА** во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност што го води Министерството за образование и наука како **научен институт** во состав на приватен Меѓународен Универзитет „Визион" -Гостивар под регистарски број 63.

3. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување

### Образложение

Научниот институт „Институт за балкански студии –Ерол Олчок" до Министерството за образование и наука поднесе барање бр.16-5263/1 од 24.04.2018 година за запишување на горенаведениот институтот во Регистарот на субјекти кои вршат научно-истражувачка дејност.

Комисијата формирана од министерот за образование и наука со Решение бр.16-11003/1 од 13.09. 2018 година за утврдување на исполнетост на условите за вршење на научно-истражувачка дејност на ден 27.09.2018 година направи увид на просторот, опремата, документацијата и другите акти. По извршениот увид на исполнетост на условите во Институтот, на Министерството надлежено за работите на наука поднесе извештај бр.16-5263/2 од 07.11.2018 година со кој се констатира дека научниот институт „Институт за балкански студии –Ерол Олчок" со седиште во Гостивар ги исполнува условите за запишување во Регистарот на субјектите кои вршат научно-истражувачка дејност, согласно членовите 18 и 53 став 3 од Законот за научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Македонија" бр. 46/08, 103/08, 24/11, 80/12, 24/13, 147/13, 41/14, 145/15, 154/15, 30/16 и 53/16).

Согласно наведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

<u>Упатство за правно средство</u>: Против ова решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот, до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

МИНИСТЕР,

Dr. Arbër Ademi

Изготвил: Рамиз Сулејмани
Контролирал: Ељван Хасановиќ
Одобрил: Бардил Туни